# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ И ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-59/4 од 3.2.2016 година донесена на 145. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 3.2.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *бизнис менаџмент и применета економија* на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 15.1.2016 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Мичо Апостолов, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Мичо Апостолов** е роден на 28 јуни 1982 година. Дипломира во 2005 год. на Економски факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. Во учебната 2005/2006 год. добил стипендија за постдипломски студии на Институтот за европски студии College of Europe| Collège d'Europe, Bruges/Natolin, на насоката Внатрешен пазар. Магистрирал во 2006 год. на тема “Competition Policy on both sides of the Atlantic - Analyses of mergers that were accepted (or refused) in the EC but not in the US” и се стекнува со академски степен магистер на науки по европски студии – внатрешен пазар. Во 2007 год. добива стипендија од Владата на Италија и се запишува на докторски студии на Scuola Superiore Sant'Anna di Studi Universitari e di Perfezionamento (Normale di Pisa), Институт за менаџмент во Пиза, Италија. Докторира на истиот универзитетски институт во 2011 год. на тема „Management of the international competitiveness of firms, national and regional systems: Analysis of corporate governance and enterprise restructuring in Southeast Europe“ и се стекнува со академски степен доктор по менаџмент, конкурентност и развој. Во текот на студиската 2009/2010 година е ангажиран како VSPA (Visiting Scholar and Postdoc Affairs) на Универзитетот во Калифорнија, Беркли - Haas School of Business. Во периодот меѓу 2007 и 2011 година остварува неколку кратки истражувачки работни посети во странство, каде што од приложената документација се гледа дека кандидатот има работно искуство во многу домашни и меѓународни проекти.

Во текот на 2004/2005 година бил во работниот тим на проекти од World Bank Institute Corporate Governance Group, каде што се здобива со четири светски признати сертификати во областа на корпоративното управување. За време на престојот на Институтот за менаџмент во Италија бил вработен како истражувач во MAIN Laboratory (Management & Innovazione). Во текот на својот VSPA бил истражувач на Универзитетот во Калифорнија, Беркли - Haas School of Business. Истовремено, кандидатот е член на неколку меѓународни асоцијации, мрежи и алумни клубови. Од 2011 год. до денес е ангажиран како доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” по група

предмети од областа на економски науки и менаџмент. Од 2012 год. е ангажиран во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија. Од приложената документација се заклучува дека кандидатот студирал на неколку странски јазици (англиски, француски и италијански јазик), што укажува на нивно одлично познавање.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука бр. 2602-168/14 од 7.9.2011 год. д-р Мичо Апостолов е избран за доцент од научната област економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Apostolov.M., Josevski.D. 2016 | Aggregate demand–inflation adjustment model applied to Southeast European economies. | ***Journal of Central Banking Theory and Practice***, 5(1): 141-157. ISSN: 2336-9205 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14764 SCOPUS IF:**0.1** | Од 2012 |
| 2. | Apostolov.M. 2015 | Foreign capital, labor markets and efficiency effects. A case study of a small open economy | ***Business excellence and management***, 5(4): 50–61. ISSN: 2248-1354 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14645 | Од 2011 |
| 3. | Apostolov.M. 2015 | Effects of Foreign direct investments. Evidence from Southeast Europe | ***Cuadernos de Economía - Spanish Journal of Economics and Finance,*** 39(109). ISSN: 0210-0266 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14654 SCOPUS IF:**0.111** | Од 1973 |
| 4. | Apostolov.M. 2014 | Governance: the case of Macedonia | ***Governance: the case of Macedonia. International Journal of Emerging Markets,*** 9(1): 147 – 156. ISSN: 1746-8809 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11072 SCOPUS IF: **0.144** | Од 2006 |
| 5. | Apostolov.M. 2013 | Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe – gross domestic product and foreign direct investments | ***Corporate Governance: The International Journal of Business in Society***, 5(4): 13(4): 431 - 438. ISSN: 1472-0701 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6678 SCOPUS IF: **0.342** | Од 2001 |
| 6. | Apostolov.M. 2013 | Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe | ***International Journal of Social Economics,*** 40(8): 680 – 691. ISSN: 0306-8293 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6677 SCOPUS IF: **0,259** | Од 1974 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Мичо Апостолов е вработен како доцент по група предмети од економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2602-168/14 од 7.9.2011 год.). За време на изборниот период е ангажиран на повеќе предмети на прв и втор циклус студии:

*Прв циклус студии*

Ангажираност на ФТБЛ при УГД:

– Банкарско работење
– Бизнис логистика
– Внатрешна трговија и логистика
– Информатички системи во логистиката
– Логистички менаџмент
– Основи на логистика
– Претприемништво
– Финансиски инвестиционен менаџмент
– Финансиски менаџмент

*Втор циклус студии*

Задолжителни/изборни предмети:

– Менаџмент на синџир на снабдување (2+2+1)
– Современи техники и информатички технологии во логистиката (2+1+1)
– Бизнис логистика (2+1+1)

Од изборот во доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“, д-р Мичо Апостолов за потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика има издадено:

Позитивно рецензирана скрипта: Апостолов Мичо, Темелков Зоран (2014) *Фискален систем*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-087-3.

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11176

Позитивно рецензиран практикум: Апостолов Мичо, Темелков Зоран (2014) *Фискален систем - практикум за вежби*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-088-0.

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11184

а исто така се во издавачка дејност на Универзитетот:

Апостолов Мичо (2016) *Менаџмент на синџир на снабдување*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Апостолов Мичо (2016) *Менаџмент на синџир на снабдување - практикум за вежби*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Кандидатот д-р Мичо Апостолов покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри како ментор на прв циклус студии, како и на еден магистранд. Неговиот научен интерес е од областа на бизнис менаџмент и применета економија. Д-р Мичо Апостолов има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Мичо Апостолов може да се оцени преку бројните и квалитетни научноистражувачки трудови издадени во научни и стручни публикации во странство во изборниот период од 2011 до 2016 год.

Во време на изборниот период, кандидатот д-р Мичо Апостолов има публикувано монографии и научни книги во земјава и во странство, со научноистражувачка и стручно-апликативна примена, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо

образование. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Трудови објавени во научно списание опфатено со СЦИ/ЦА:***

1. Apostolov.M., Josevski.D. 2016 (Jan) . Aggregate demand–inflation adjustment model applied to Southeast European economies. ***Journal of Central Banking Theory and Practice***, 5(1): 147 – 156. @ DE GRUYTER [ISSN: 2336-9205]
   DOI: http://dx.doi.org/10.1515/jcbtp-2016-0007
   Scopus **Journal Impact Factor (2015):** SNIP**,** SJR**, Impact Factor(2year IF)**
   IDEAS/RePEc Simple Impact Factors for Journals: **0.09**
   https://ideas.repec.org/top/top.journals.simple.html
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14764

*Апстракт*: Во трудот е применет IS-MP-IA моделот и Taylor rule на избрани европски економии во Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Србија), каде што наоѓаме дека промената на ефективниот девизен курс позитивно влијае на аутпутот, промената на светската каматната стапка негативно влијае врз аутпутот или пак воопшто не влијае, додека пак дополнителен светски аутпут ќе помогне да се зголеми аутпутот на избраните економии.

2. Apostolov.M. 2015. Foreign capital, labor markets and efficiency effects. A case study of a small open economy. ***Business excellence and management***, 5(4): 50–61 @ IDEAS - RePEc [ISSN: 2248-1354]:
   DOI: http://www.beman.ase.ro/ Indexed by: RePEc, ProQuest, DOAJ
   IDEAS/RePEc Simple Impact Factors for Journals: **0.097**
   https://ideas.repec.org/top/top.journals.simple.html
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14645

*Апстракт*: Во Југоисточна Европа, како и во повеќето региони во развој, владите нудат значајни подобности за привлекување на странски директни инвестиции во очекување да го намалат јазот меѓу странските и домашните компании. Оттука, ваквите активности обично се мотивирани од можноста за остварување на spillover за да се зголеми националниот доход преку нови инвестиции. Овој труд се фокусира на странските директни инвестиции, односно движењата на странскиот капитал, пазарот на работна сила и потенцијалните ефекти врз ефикасноста, преку студија на случај за Македонија.

3. Apostolov.M. 2015. Effects of Foreign direct investments. Evidence from Southeast Europe. ***Cuadernos de Economía - Spanish Journal of Economics and Finance*** ,39(109) @ ELSEVIER [ISSN: 0210-0266]:
   DOI: http://dx.doi.org/10.1016/j.cesjef.2015.10.003
   Scopus **Journal Impact Factor:** SNIP**(0.035)** SJR**(0.111) | H-Index: 1 | Impact Factor(2year IF): 0.065**
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14654

*Апстракт*: Целта на оваа студија е да се утврдат ефектите од странските директни инвестиции во економиите на Југоисточна Европа. За оваа намена, шест земји беа избрани и дата-сет беше подготвен за: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Словенија. За спроведување на оваа анализа, ги користиме Enterprise Surveys на Светската банка кои содржат податоци на ниво на фирми за репрезентативен примерок од приватниот сектор на економијата. Концепцијата на овој труд е испитување на ефектите од странските директни инвестиции и придонесот врз развојот на домашните фирми и на целокупната економија.

4. Apostolov.M. 2014. Governance: the case of Macedonia. ***International Journal of Emerging Markets***, 9(1): 147 - 156 @ EMERALD [ISSN: 1746-8809]:
   DOI: http://dx.doi.org/10.1108/IJoEM-06-2011-0057

Scopus **Journal Impact Factor:** SNIP**(0.723)** SJR**(0.144) | H-Index: 4 | Impact Factor(2year IF): 0.667**

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11072

*Апстракт*: Овој труд е студија на случај за Република Македонија и се фокусира на развој на управувањето/владеењето и преструктурирањето на претпријатијата. Така, ефикасно корпоративно управување и владеење, корпоративната контрола, имаат влијание врз преструктурирање на претпријатијата, и се од суштинско значење за анализата на пазарно движено преструктурирање. Податоци кои се користат во оваа статија се анализирани со регресионен економетриски модел, кој ги испитува односите помеѓу управувањето и преструктурирањето на претпријатијата и сет на политики кои влијаат врз моделите на владеење.

5. Apostolov, M. 2013. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe – gross domestic product and foreign direct investments. ***Corporate Governance: The International Journal of Business in Society,*** 13(4): 431 - 438 @ EMERALD [ISSN: 1472-0701]:

   DOI: http://dx.doi.org/10.1108/CG-01-2011-0002

Scopus **Journal Impact Factor:** SNIP**(0.639)** SJR**(0.342) | H-Index: 21 | Impact Factor(2year IF): 0.587**

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6678

*Апстракт*: Целта на овој труд е да се испита влијанието на механизмите за корпоративно управување и преструктурирање на претпријатијата во транзиционите економии на Југоисточна Европа (Западен Балкан): Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора и Србија. Оттука, основната хипотеза за тестирање е дека управувањето и преструктурирањето на претпријатијата е под влијание на бруто-домашниот производ и динамика на странски директни инвестиции. Овој труд е придонес кон истражувањата на бизнис аспектите на економиите од Југоисточна Европа, бидејќи има недостаток на научни трудови кои се занимаваат со специфични прашања врзани за корпоративното управување и преструктурирањето на претпријатијата.

6. Apostolov, M. 2013. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe. ***International Journal of Social Economics,*** 40(8): 680 - 691 @ EMERALD [ISSN: 0306-8293]:

   DOI: http://dx.doi.org/10.1108/IJSE-07-2012-0124

Scopus **Journal Impact Factor:** SNIP**(0.409)** SJR**(0,259) | H-Index: 19 | Impact Factor(2year IF): 0.361**

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6677

*Апстракт*: Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) врши индексација на управувањето и преструктурирањето на претпријатијата, како основен показател на економската транзиција. Корпоративното управување најчесто се дефинира во однос на улогите, одговорностите и интеракциите на високиот менаџмент и одборот на директори. Оваа студија докажува дека земјите од Југоисточна Европа имаат значителни подобрувања, со изразени разлики во групата.

***Научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:***

Josheski, Dushko and Apostolov, Mico (2013) *Macedonia's exports and the gravity model*. ***International Trade eJournal***, Vol 5. No.3. ISSN 1556-5068

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6970

*Апстракт*: Овој труд го разгледува на извозот на Република Македонија со нејзините главни трговски партнери; односно, се фокусира на главните земји на увоз, кои се најмногу присутни во македонскиот трговски биланс. Податоци кои се користат во оваа статија

се анализираат со моделот на гравитација, кој има добри карактеристики и стабилни перформанси. Понатаму, примерокот на податоци е изработен за балканските земји, односно, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Романија, Словенија, Турција и Србија и Црна Гора.

7. Apostolov, Mico (2015) Ownership and Control Structures: A Case Study. ***Corporate Governance & Management eJournal***. Vol8. No.7. ISSN 1556-5068
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14689

*Апстракт*: Ова е студија за поделба на сопственоста и контролата во Југоисточна Европа, односно е студија на случај за Македонија. Се анализираат врските на сопственост и контрола, односно дали таквите врски се придонес за развој на домашните фирми и на целокупната економија. Пазарно ориентираните корпоративни системи и мрежно-ориентираните корпоративните системи се новитет во многу потребен процес на преструктурирање на претпријатиeто во економската транзиција.

8. Apostolov, Mico (2015) The Sway of Foreign Direct Investments on the Performance of Domestic Firms. ***International Finance eJournal***. Vol8. No.5. ISSN 1556-5068
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14692

*Апстракт*: Целта на овој труд е влијанието на странските директни инвестиции врз перформансите на домашните фирми кои се анализираат преку студија на случај за Југоисточна Европа, односно за Македонија. Податоците кои се користат во оваа статија се анализирани со Tobit моделот, кој го проучува влијанието на странската сопственост преку збир на променливи. Главните наоди од анализата покажуваат дека странска сопственост позитивно влијае на ефикасноста на домашните фирми.

9. Apostolov, Mico (2015) Cobb-Douglas Production Function on FDI in Southeast Europe. ***European Economics: Macroeconomics & Monetary Economics eJournal***. Vol8. No.3. ISSN 1556-5068
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14691

*Апстракт*: Ова истражување се фокусира на ефектите на странски директни инвестиции во економиите на Југоисточна Европа. Врз основа на Cobb-Douglas Production Function податоците се анализираат со економетриски модели, коишто се користени во оваа студија за да се испитаат меѓусебните односи на аутпутот и сет на варијабли врз кои влијаат странските директни инвестиции. Покрај тоа, се наведени и начините преку кои странски директни инвестиции ги обликуваат економиите.

10. Apostolov, Mico (2016) Foreign Direct Investments induced Innovation? State of affairs of Macedonia. ***Institutions & Transition Economics Microeconomic Issues eJournal.*** Vol8. No.4. ISSN 1556-5068
    http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.2706627

*Апстракт*: Странските директни инвестиции обично се дефинираат како доминантна или контролирачка сопственост на компанија во една земја, со седиште во друга земја. Парадигмата industry-government-university ја обликува промената од доминантниот ‘индустриски модел’ во ‘општество базирано на знаење’. Оваа студија ги анализира иновациите во Македонија и се фокусира на основните врски меѓу странските директни инвестиции и иновациите.

***Научни книги објавени во странство:***

11. Apostolov, M. 2015. Foreign Direct Investment Related Effects, GDP and Innovation. LAP - Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-80443-4
    http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14300

Суштината на оваа книга е да ги анализира деловните аспекти на странски директни инвестиции и преструктурирањето на претпријатијата во економска транзиција. Таа се состои од три дела, и тоа: 1) ефекти од СДИ, 2) иновации и капацитет на апсорпција и

3) движења на бруто-домашниот производ. Развојот и преструктурирањето на домашните фирми се во фокусот на анализата.

12. Apostolov, M. 2012. “Corporate Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe: Focus on Macedonia”, LAP - Lambert Academic Publishing, Germany, 2012 (ISBN 978-3-6591-6126-1)
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6945

Оваа книга има за цел истражување на корпоративното управување и преструктурирање на компаниите, со фокус на Македонија. Корпоративното управување и преструктурирањето на бизнисите се од суштинско значење за градење на конкурентни предности на компаниите, националните и регионални системи, особено во мошне специфична бизнис средина акцентирана со транзиција на националниот економски систем. Структурата е определена од пет дела, и тоа: 1) регионални движења, 2) бруто-домашен производ и СДИ во Југоисточна Европа, 3) корпоративно управување во Македонија, 4) микро и макро движења во Македонија, и 5) специфичности на економското владеење во Македонија.

**Монографија или научна книга во земјата:**

13. Apostolov, Mico (2014) Основи на стратегијата за менаџмент на синџир на снабдување. Светски релации, Скопје. ISBN 978-608-4528-07-4
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11651

Проблематиката на примена на менаџмент на синџир на снабдување е разгледана во оваа книга. Па така, направен е вовед во менаџментот на синџирот на снабдување и анализа на макропроцесите во синџирот на снабдување. Понатаму, се разгледани начините за постигнување на стратешка погодност и конкурентска предност на компанијата во соодветна бизнис средина. Утврдувањето на двигателите на синџирот на снабдување е врзано со начинот на кој компанијата ќе функционира на пазарот.

14. Apostolov, Mico (2013) Бизнис администрација на логистиката. Светски релации, Скопје. ISBN 978-608-4528-04-3
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8918

Во оваа книга се претставени основите на деловната логистика, синџирот на снабдување и стратегијата на конкурентност. Исто така, се разгледува и потрошувачката вредност во контекст на маркетинг менаџментот кој го применува компанијата. Мерење на трошоците и перформансите на бизнис логистиката, креирање на одговорни синџири на снабдување, дефинирање на времето на задоцнување, синхронизирање на синџирот за снабдување, менаџмент на ризикот во синџирот на снабдување, надминување на бариерите за интеграција во синџирот на снабдување и мрежната конкуренција се основните делови од анализата на деловната логистика во ова дело.

***Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)***

Editorial Board of Journal of Advanced Research in Management, ISSN 2068-7532
Indexed by: ProQuest, CEEOL, EBSCO, IndexCopernicus, RePEC databases.
http://www.asers.eu/journals/jarm/editorial-board.html

**Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)**

15. California Management Review, ISSN: 0008-1256, Impact Factor: 1.667
16. Economic Research, ISSN: 1848-9664, Impact Factor: 0.432

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

За време на изборниот период, кандидатот д-р Мичо Апостолов учествува во научноистражувачки и апликативни проекти во земјава и во странство, и тоа:

17. Учесник во проектот „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип) (2015-тековно); http://eprints.ugd.edu.mk/12814/

Кандидатот д-р Мичо Апостолов е член на повеќе владини тела и тоа: член на Економскиот совет на Владата на Република Македонија; член на Комитетот за иновации и претприемништво на Владата на Република Македонија; член на Комитетот за електронска евиденција на Владата на Република Македонија; член и претставник на Владата на Република Македонија (номинација), Управен одбор на Универзитетска клиника за дигестивна хирургија; член и претставник на капиталот на Владата на Република Македонија (номинација), Надзорен одбор на Поштенска банка, АД – Скопје.

Во изборниот период, кандидатот д-р Мичо Апостолов е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа: Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Комисија за запишување нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии, Комисија за упис на студенти на втор циклус студии на ФТБЛ и Комисија за признавање испити на студенти. Истовремено, д-р Мичо Апостолов е член на 1 рецензентска комисија за избор на асистенти-докторанди.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Мичо Апостолов, вработен на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област бизнис менаџмент и применета економија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање, Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа доцент д-р Мичо Апостолов има врвен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

Согласно со претходно изнесеното и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот доцент д-р Мичо Апостолов да биде избран во звањето вонреден професор од наставно-научната област бизнис менаџмент и применета економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Круме Николоски, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола В. Димитров, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

**Кон рефератот за вреднување на активностите на д-р Мичо Апостолов, во изборниот период од 2011 до 2016 г., кои се бодираат според критериумите за избор во звање вонреден професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга<br>во земјава реф. 14,15<br>во странство реф. 12,13 | 2 | 10 | 2 | 15 | 50 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ)<br>во странство реф. 1, 3, 4, 5, 6<br><br>Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (ЦА)<br>во странство реф. 2<br><br>Трудови објавени во научно списание (останати)<br>во странство реф. 7, 8, 9,10,11 | | | 5<br><br>1<br><br>5 | 9<br><br>6<br><br>3 | 45<br><br>6<br><br>15 |
| 3. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>во странство реф.16 | | | 1 | 2 | 2 |
| 4. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>во странство реф.17, 18 | | | 2 | 2 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **122** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Учесник во научен проект<br>во земјава реф. 19 | 1 | 5 | | | **5** |
| 2. | Член на универзитетски или владини тела | 5 | 5 | | | **25** |
| 3. | Член на факултетски орган, комисија | 5 | 2 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **192** |